Едукативни содржини и активности за деца со посебни потреби, за значењето, функциите и вредностите на рипарискиот појас на реката Брегалница



Издавач: ФАРМАХЕМ Друштво за промет и консалтинг, Ул. Кичевска, бр. 1, Скопје

Уредници: Светлана Пејовиќ, Фросина Ангелова, Македонско еколошко друштво

Технички соработник: Елена Минова

Илустрации: Матеј Поповски

Дизајн: Дарко Атанасов

Финансирано од: Швајцарска агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation - SDC)

Содржина

Вовед

1. Реката - Брегалница..... 7
2. Раѓањето на реката..... 8
3. Течението на Брегалница..... 9
4. Брегалница – како изгледа..... 10
5. Мојата Брегалница..... 11
6. На речното дно..... 12
7. Покрај реката Брегалница - еко игра..... 14
8. Растенијата покрај Брегалница..... 16
9. Припаѓа или не припаѓа на реката..... 17
10. Животен циклус на животните и..... 18
растенијата во и покрај реката
11. Синџир на исхрана..... 19
12. Чиста вода - здрава река 20
13. Кој прв ќе дојде дома..... 21
14. Геометриски сложувалки..... 22
15. Брегалница и годишните времиња..... 23
16. Луѓето покрај Брегалница..... 24
17. Се бара..... 25

ПРЕДГОВОР

Почитувани наставници, дефектолози, педагози, психолози, логопеди, родители...

Тргнувајќи од фактот дека сите деца имаат право на пристап до еднакво образование, наша желба и предизвик пред сè, беше да ги вклучиме сите ученици и да дадеме еднаква можност да се запознаат со рипарискиот појас на реката Брегалница.

Во овој прирачник е понудена рамка, во која се предвидени низа активности кои лесно можат да се моделираат, да се менуваат и надополнуваат според проценката на стручниот тим во училиштето. Тука се понудени активности кои по својата содржина се насочени само кон рипарискиот појас на реката Брегалница, неговите карактеристики и значење.

Свесни сме за фактот дека сите ученици се различни и започнуваат да учат согласно индивидуалните разлики, интереси, чувства, искуства, средина, очекувања, потреби, размислувања.

Затоа и проценката, кога, како, и во кој временски период ќе се реализираат целосно или делумно активностите, ја оставаме на наставниците/дефектолозите, кои познавајќи ги своите ученици, можат да ги вклучат согласно разликите, да ја понудат неопходната поддршка и да ги проценат ефектите.

Цениме дека понудениот избор е доста широк, со различни тежински нивоа кои се разликуваат од активност до активност. За спроведување на активностите се предложени лесно достапни материјали (ликовен материјал, хамер, апликации, слики...) што со многу мала поддршка можат да бидат достапни во доволен број, истите лесно можат да се надополнуват, заменуваат, збогатуваат.

Доколку сме успеале да бидеме мала поддршка во исклучително тешката, одговорна и испреплетена со постојани предизвици професија како што е вашата, ќе сметаме дека сме постигнале многу.

И да не успееме барем малку да придонесеме за децата и возрасните чија животна определба се децата со посебни потреби, се надеваме дека преку ползувањето на активностите или дел од нив што се поврзани со рипарискиот појас на Брегалница, ќе им се овозможи на децата од училиштето да ја научат најважната лекција во животот, а тоа е да ги засакаат и вистински да ги прифатат различните од нив.

Со почит,
Од авторите

ВОВЕД

Реката Брегалница е втора по големина река во нашата држава. Извира од највисоките делови на Малешевските Планини и тече надолу, протегајќи се низ речната долина и минувајќи низ повеќе градови, формирајќи долг шумски појас во кој се развиваат бројни и карактеристични животински и растителни видови.

Шумата, водата, животните и растенијата, заедно даваат посебни карактеристики на целиот регион кои се благопријатни и корисни за човекот, домашните животни и земјоделските култури кои тој ги одгледува. Сите заедно формираат целина, која треба да се сочува и одржува на начин, на кој сите нормално и во хармонија ќе живеат, природата ќе остане ненарушена и ќе продолжи да ги извршува своите функции, а човекот ќе ги ужива овие придобивки во соживот со природата.

Во овој документ, предлагаме повеќе активности, игри, преку кои ќе се обидеме да ја доближиме реката Брегалница и нејзините карактеристики до учениците, и ќе се обидеме да оформиме малку поинаква претстава за нејзините функции и значењето за нејзиното сочувување.

Имајќи го во предвид фактот дека секоја активност треба да биде според точно определен индивидуален план за развој за секој ученик, ви нудиме избор од повеќе едукативни активности за крајречниот, односно рипарискиот појас на реката Брегалница.
Нашата цел е преку активностите да дојдеме до одговорот на пет главни прашања:

1. Што е Брегалница? (втора река по големина во Северна Македонија)
2. Какво е течението? (каде извира, каде се влева, каде минува)
3. Зошто ни е важна Брегалница? (присутен растителен и животински свет, благодети за човекот)
4. Како можеме да ја чуваме природата?
5. Како изгледа речното дно и какви организми живеат таму?

Во следниот текст се претставени и предложени активности, со листа од нагледни и потребни средства и материјали за работа, и насоки за нивното спроведување. Изборот на активностите ќе зависи од развојната состојба на децата, расположливите средства и условите и времето за нивното спроведување. Проценката на сите потребни чекори за спроведување на активностите, ја прави наставникот /професорот.



1. РЕКАТА - БРЕГАЛНИЦА

Потребен материјал

- креди во боја
- испечатени букви во боја
- испечатени букви во црна боја
- хартиена лента
- А4 листови
- картички со слоговно претставување на името Бре-гал-ни-ца
- музичка приказна/аудио снимка со звуци на река
- приказна
- апликации/фотографии карактеристични за дел од течението на Брегалница

Тек на активноста

Буквите од името на реката БРЕГАЛНИЦА можат да бидат напишани на табла (со креди во боја) или испечатени во боја. Тие се прекриени со лента, која полека се открива преку нив, или може секоја буква одделно да се открива. Во вториот случај, откривањето на буквите може да биде редоследно или измешано. Може да се направи и споредба со печатени црни букви.

Друг начин е, името на реката да биде поделено на слогови, што треба да се спојат (Бре-гал-ни-ца)!

БРЕГАЛНИЦА

По откривањето на името на реката ја слушаме „музичката приказна“. Таа се состои од аудио материјал на кој според звуците, треба да го определиме жуборењето на реката во различен интезитет, со што би се претставиле различни делови од реката, во својот тек (извор, поточе, помала рекичка, река...).
Повторно ја пуштаме „музичката приказна“, но овој пат поддржана со текстот „Реката Брегалница...“
Прочитаниот текст го претвораме во сликовита приказна, покрај која што, зборувајќи, создаваме дополнителна визулена поддршка со цртање на симболи на таблата (планина, река, влевање во реката Вардар...).
Како финално дополнување на веќе нацртаното течение на реката, се додаваат апликации/фотографии од Малешевските Планини, извор, слики од градот Штип...

2. РАЃАЊЕТО НА РЕКАТА

Тек на активноста

За оваа активност се користат музички ударни инструменти како барабанче или пластични кутии на кои што може да се удира со стапче (стапчиња) или со дланки.
Доколу користиме самостојно изработени инструменти (од пластична амбалажа), пожелно е да бидат претходно подготвени и да доминира сината боја во нивното декорирање.
Учениците можат да бидат поделени во групи (со различна бројност) и последователно, на вербалното упатство од наставникот кон учениците, тие да се вклучуваат во создавањето на одреден ритам.
По утврдувањето на правилата, започнува ритам кој го дава еден ученик со удирање на „инструментот“, потоа се приклучува уште еден или уште една група, потоа следната група... онака, како што течението на Брегалница се збогатува со притоки.

Секоја притока може да се искористи и како „знак“ за вклучување на одредена група, да започне со придружување на основниот ритам.

Пред учениците се поставува долга сина хартиена лента (реката Брегалница), која музички е претставена со следење на ритамот од еден ученик или една група ученици, а со додавањето на секоја следна притока, се вклучуваат другите ученици или групи. Во оној момент кога се означува влевањето на Брегалница во Вардар, престанува групното свирење.

Потребен материјал

- музички инструменти
- адаптирана пластична амбалажа
- голема лента во сина боја (ознака за Брегалница)
- мала сина лента во светла боја (ознака за притока)
- темна сина тегет лента (ознака за Вардар)

3. ТЕЧЕНИЕТО НА БРЕГАЛНИЦА

Тек на активноста

Пожелно е активноста да се изведе во дворот.
На учениците им се претставуваат улогите: учениците што го одмотуваат големото сино платно, ја претставуваат реката Брегалница, а учениците што треба да ги одмотаат помалите платна, ги претствуваат притоките на реката.
Одмотувањето се врши на поголема површина во дворот и пожелно е да не биде праволиниско.
По одмотувањето на платното, сите што го одмотале платното, се враќаат на неговиот почетокот.
Двајца од учениците застанати на почетокот од платното тргнуваат по „течението“, а по патот, на местото на секоја притока се приклучуваат уште 2 - 3 ученици, и така постепено, дружината што оди по патеката на Брегалница се зголемува. Сите заедно патуваат низ речното корито на Брегалница, а со брановидно движење на рацете можат да бидат и дел „од водата“.

Потребен материјал

- голем котур платно (поставен на оска /држач за лесно одмотување)
- помали сини платна (поставени на оска /држач за лесно одмотување)

4. БРЕГАЛНИЦА - КАКО ИЗГЛЕДА

Потребен материјал

- две шипки или два држачи, сталаци (доколку нема природна поставеност на дрвјата)
- најлонска фолија
- темперни бои, чашки за вода, четки во различна големина

Тек на активноста

Пожелно е активноста да се изведе во непосредна близина на реката.
Помеѓу две стебла на дрвја (две шипки, два сталаци...) се оптегнува најлонска фолија.
Учениците на располагање имаат ликовен материјал.
Вниманието за сликање се насочува на делот од реката, крајбрежјето... Гласно се именува она што е во нашето видно поле (небо, облаци, дрвја, трева, камен, река...).
Учениците сликаат.
Пожелно е оваа активност да биде изведена заедно со родители или ученици од деветтите одделенија.

5. МОЈАТА БРЕГАЛНИЦА

Потребен материјал

- разновиден ликовен материјал (темперни бои, дрвени бои, мрсни бои, молив, глина, пластелин)
- четки за сликање (различна дебелина)
- голема хартиена лента
- картички со жив и растителен свет од рипарискиот појас на Брегалница

Тек на активноста

Пожелно е активноста да се изведе по набљудување на брегот на реката (опишување слики на познат дел од течението, преку фотографии каде е претставен одреден дел или снимени слики од брегот).
Се опишува она што го гледаме.
Се разговара/дискутира за делот што е покрај реката.
Учениците влечат од поставените пред нив картички, на кои е прикажан дел од живиот свет во реката. Секоја од извлечените картички се именува.
Пред учениците се простира долга бела хартиена лента.
Секој ученик, со различен ликовен материјал го претставува она што е прикажано на извлечената картичка.
Ученикот може да извлече повеќе од една картичка.
Она што е околу нас е крајбрежјето, а тоа што се создава, е тоа што се наоѓа во реката.

6. НА РЕЧНОТО ДНО

Тек на активноста

Од кутија се вадат апликации или предмети и се редат на соодветно место (слика каде што стои идентичен предмет или сите можат да бидат поставени на едно место - на хамер или секоја одделно на А4).

Потребен материјал

- голема слика/хамер со контурите соодветни на апликациите
- кутија
- апликации
- садови со различен вид песок
- поголеми длабоки и долгнавести садови
- хамери во боја
- глина
- темперни бои
- четки
- бокал/шише со вода

Тек на активноста

★ Од кутија во која не се гледа што има внатре, се протнува само раката и се обидува да се дофати предмет што го има во кутијата. Пред кутијата се залепени слики од она што има внатре во кутијата. Ученикот треба да се обиде да ги погоди објектите што се во кутијата. Се именуваат - камен голем, камен мал, мазно камче, пластично шише... изваденият предмет се става до сликата!

Тек на активноста

★ Пред учениците се поставуваат три садови со различни видови песок и два сада со различни камчиња, поголеми и помали.
Пред учениците е поставен и поголем, подлабок сад (но во поголема правоаголна форма по можност во сина боја) во кој земајќи од материјалот, од различните садови, детето го создава речното дно!

Тек на активноста

★ Пред учениците стои подлабок сад (во поголема правоаголна форма по можност во сина боја). На дното од садот стојат апликации покриени со песок (животни, корења од алги и водни растенија и камчиња) што го претставуваат речното дно. Учениците вадат апликации и предмети (се освен ситниот песок) и ги редат на два различни хамери по боја (зелен и кафеав). На зелениот хамер ги редиме апликациите и предметите што се вообичаени за речното дно, на кафеавиот оние кои не се типични за речното дно. Апликациите ја покажуваат својата припадност (кон хамерот) и преку својата рамка, која треба да биде во иста боја како и хамерот на кој што припаѓаат.





Тек на активноста

★ Во голем пластичен сад, со глина моделираме речно корито, притискаме, буцкаме крупен песок. Оставме да се исуши. Кога глината ќе се исуши, ја боиме со сина темперна, но можеме и да додадме вода и да имаме „речно корито“.

7. ПОКРАЈ РЕКАТА БРЕГАЛНИЦА

Тек на активноста

На учениците им се прикажува хамерот со џебови. Се именуваат сите растенија (во нашиот пример одбрани се сите што почнуваат на буквата Б, но тоа не мора да биде правило). Особено е важно, да се потенцира дека сите тие растат покрај речното корито.
Пред учениците простираме долго сино платно.
Пред нив се поставени и апликации од животински и растителен свет, класифицирани во две купчиња (во реката и покрај неа).

Учениците извлекуваат по една картичка од двете купчиња.
Едната картичка се именува и поставува во реката (синото платно), а втората покрај реката.
Вниманието на учениците повторно се насочува кон картичките од хамерот со џебови.
Ученикот одбира растение и ги вади сите картички од џебот на растението.
Картичките се редат праволиниски, именувајќи ги соодветните делови на растението (стебло, гранка, лист, корен и цвет; алга, корен, лист).
Извлечените делови се цртаат и се ставаат покрај фотографијата, соодветна на деловите од растението.

Потребен материјал

- хамер /платно со џебови
- картички со слики од растенија
- картички од делови од растенија
- картички со животински и растителен свет покрај Брегалница
- сино платно
- листови А4 формат
- боички

8. РАСТЕНИЈАТА ПОКРАЈ БРЕГАЛНИЦА



Тек на активноста

Исклучително добро би било, доколку учениците сами учествуваат во изработката на хербариум од растенија покрај Брегалница (можно е тоа да го направат со помош на ученици од деветто одделение).

Низ училниците, на лесно видливи места, се истакнуваат фотографии/слики од исти растенија, целосно идентични како тие во хербариумот.

Учениците треба да ги пронајдат во пар, оние што ќе ги одберат во хербариумот и да ги спарат со фотографиите.

Пожелно е и говорно да го определат она што го гледаат: мало ливче, цвет, корен...

Потребен материјал

- хербаризирани примероци од растенија што живеат покрај река, или
- слики од растенија со две можности (хербариум и реална слика)

9. ПРИПАЃА ИЛИ НЕ НА РЕКАТА

Тек на активноста

Бројот на сликите што ќе бидат понудени пред ученикот можат да бидат различни по број (според проценката на наставникот). Важно е да содржат слики со двете опции, припаѓа или не припаѓа! Пред учениците е поставен хамер со контури од соодветните картички. До хамерот има мала кутија (обложена во кафеава боја).

Ученикот ја пронаоѓа репликата на фотографијата, и ја става на соодветното место означено со контура (бојата на контурата соодвествува со бојата, рамката на сликата, зелена рамка имаат сите слики што припаѓаат, другите се ставаат во кутијата).

Во изборот на картичките се наоѓаат и несоодветни, односно, понудени се и необични решенија како што се ајкула, слон и сл., кои не припаѓаат на овој екосистем и тие заедно со фотографиите што означуваат отпад, се ставаат во кафеавата кутија на страна.
Кога ќе се исполни хамерот, се именуваат растенијата и животните од рипарискиот појас на Брегалница.

Потребен материјал

- слики од растенија и животни карактеристични за рипарискиот појас на Брегалница
- слики со отпад, ѓубре и нетипични животни
- хамер со означени правоаголни полиња (рамка за сликата/картичката)
- кутија обложена или обоена со кафеава боја



10. ЖИВОТЕН ЦИКЛУС НА ЖИВОТНИТЕ И РАСТЕНИЈАТА ВО И ПОКРАЈ РЕКАТА



Потребен материјал

- серија слики што го претставуваат животниот циклус
- мали кутии во кои се сместени различни циклуси
- кутија со готови искази

Тек на активноста

На учениците им се понудуваат комплети од животниот циклус на одредени растенија и животни што живеат во рипарискиот појас.
Животниот циклус може да биде означен со бројки, така што учениците поставувајќи ги сликите редоследно, го прикажуваат животниот циклус.
Животниот циклус може да биде перфорирана низа, па со самото отварање, ќе се добие циклусот на животот на одреден вид.
Сликите се поддржани, проследени со зборови, со кои што се означува тоа што е на сликата, но може да се создаде и реченица.
Од неколку направени животни циклуси на пример, од различни видови риба, може да се направи селекција само на икрата, само на малите рипчиња... и да се дојде до општи и заеднички карактеристики за одреден вид.

11. СИНЏИР НА ИСХРАНА

Потребен материјал

- фотографии/апликации од се она што претставува еден синџир на исхрана
- конец, перфоратор, безопасни игли

Тек на активноста

Преку слики се претставени еден по друг, претставниците на еден синџир на исхрана, карактеристични за рипарискиот појас на Брегалница.

Се именуваат животните и растенијата во синџирот.

Синџирот на исхрана може да се направи и со апликации што ги носат учениците и заземаат одредена улога во синџирот.

Учениците се редат во круг, почнувајќи од најмалиот „претставник“ од синџирот на исхрана. Секој ученик го фаќа за рака, другарчето до себе кое го симболизира следниот „претставник“ на синџирот на исхрана.



12. ЧИСТА ВОДА - ЗДРАВА РЕКА

Тек на активноста

Пред учениците се поставени стаклени садови (големи тегли).

Во едниот сад е ставена чиста вода, бистра, а во другиот сад - матна со отпадоци.

Се разговара/дискутира за очигледните разлики.

На подот се поставува хулахоп (или со лента/јаже се формира затворен круг), а во неговата средина теглите.

Околу двете тегли, во рамките на хулахопот (затворениот круг) се редат слики што укажуваат на уништен екосистем и зачуван екосистем.

Потребен материјал

- големи тегли
- бокал со чиста вода
- бокал со нечиста вода
- 2 хулахопи (лента, јаже или волница)
- 2 групи слики од сочуван/здрав екосистем и уништен

13. КОЈ ПРВ ЌЕ ДОЈДЕ ДОМА

Тек на активноста

Пред учениците е поставена голема коцка. На оваа коцка, наместо точки со бројна количина има различна боја на секоја страна. Боите го одредуваат движењето, но не и бројноста на полињата што треба да бидат поминати (поставени на табла или на под).
На пример: рибата ја има сината боја. Ученикот кој треба да ја донесе фигурата „риба“ до целта, прави движење по полето само тогаш кога коцката ќе падне на сина боја. Истото важи и за другата фигура, за која ќе се одбере друга боја.

Бројноста на поминатите полиња ја одредува наставникот. На пример, на секоја соодветна боја се поминуваат по две полиња. Затоа, секогаш кога коцката ќе падне и ќе се сврти на сина боја, рибата ќе се помести за две полиња.

Брзината на пристигнувањето до целта зависи од погодувањето на одредена боја (колку почесто се паѓа на сината боја, толку почесто фигурата ќе се поместува за две полиња). Истото важи и за другата фигура, за која ќе се одбере друга боја.

На крајот од изодената патека, по стигнувањето до целта, стојат многу животни ситуации со кои се среќаваат одбраните животни (во случајот риба и желка). Тие се фотографии каде што одбраните претставници се прикажани во своите карактеристични места на живеење. За секој круг од патеката постои кружна фотографиија/апликација.
Кога ќе се стигне до целта, изодената патека се покрива со разновидни фотографии од желката/рибата.

Потребен материјал

- плоча со големина 42*60 см
- два жетони, на едниот е нацртана и обоена риба, а на другиот жетон желка
- коцка која може да биде означена со бои (црвено, сино, зелено, жолто, црно, бело)
- апликации во кружна форма со живеалиштата на рибата и желката и нивни карактеристики

14. ГЕОМЕТРИСКИ СЛОЖУВАЛКИ

Тек на активноста

Подлогата на сложувалката може да биде хартиена, пластифицирана, во различна големина, но во два примероци.

Подлогата секогаш треба да соодветствува со крајната линија на сложувалката, така што по целосното редење, се добива рамка со иста боја како подлогата.

Сложувалката, т.е. нејзината комплексност ја одредува наставникот.

Сложувалката е пејсаж од рипарискиот појас.

По редењето на пејсажната сложувалка, на учениците може да им се даде избор од геометриски форми со иста боја и големина, со кои би ги покриле веќе направените сложувалки.

Потребен материјал

- подлога во форма на црвен круг, жолт триаголник, зелен квадрат, син правоаголник, црн шестоаголник
- врз подлогата во повеќе елементи (од три па нагоре) треба да лежи соодветен пејсаж од Брегалница, но со рамка иста како што е подлогата. Преку редење на сложувалката внатре во дадената рамка/подлога се формира сликата
- сложувалката може е да биде со различна тежина, со тоа што краевите од рамката на сликата може да бидат означени со броеви или со нијанси на боите (пр. светло до темно црвена)



15. БРЕГАЛНИЦА И ГОДИШНИТЕ ВРЕМИЊА

Потребен материјал

- плоча со простор во средина за централна слика (која што се менува во зависност од годишното време)
- 10 дополнителни слики соодветени на определениот годишен период. Секој годишен период има свој комплет сликички/картички

Тек на активноста

Пред ученикот е поставена табла со централна слика од некое годишно време. Ученикот зема картички од соодветниот комплет поставен пред него, и ги реди во означените полиња за сликата на таблата. Полињата и картичките можат да бидат и означени со бројки, што ќе го олесни редењето.
Со редењето на картичките од различни годишни времиња, типични за рипарискиот појас на Брегалница, учениците имаат можност да ги согледаат основните промени.
На учениците може да им се понуди и веќе поставена табла со нецелосно соодветни слики во однос на годишното време, поставено во централниот дел и да се побара нивно отстранување или замена со соодветни.

16. ЛУЃЕТО ПОКРАЈ БРЕГАЛНИЦА

Тек на активноста

Пред учениците е поставена коцка, која се фрла во одреден простор.

Секоја страна на коцката има соодветна приказна и со паѓањето на коцката, ученикот (со помош на наставникот) се обидува да раскаже што има на сликата.

Едното поле е празно, и кога коцката ќе падне на таа страна, може да се побара слободен исказ на ученикот.

Во секое објаснување, во секоја слика, треба да се нагласи значењето на Брегалница и благостојбата што таа ја овозможува.

Бројалката „Еден, два, три; Коцка фрли Ти!“... е нешто со што ќе се одреди кој ја фрла коцката.

„Еден, два, три
Коцка фрли ти!
Коцката се движи
На сликата стој!
Кажи сега ти!
Што приказна има
За реката Брегалница
И во лето и во зима”!

Потребен материјал

- Голема коцка (20*20*20 см)
- На петте страни се ставени слики што означуваат активности на луѓето покрај реката. Шестиот дел е празен.
    1. Риболов
    2. Излет
    3. Полиња /наводнување
    4. Игра на деца покрај вода
    5. Крајречен шумски појас
    6. Ова поле е празно

17. СЕ БАРА

Потребен материјал

- креди во боја
- четири до шест истородни слики
- фотографии од животни или растенија што можат да се најдат покрај Брегалница

Тек на активноста

Пред учениците, во низа се редат слики од животни и растенија од крајбрежјето на Брегалница.
Наставникот (или друг ученик) вербално (а по потреба и со цртеж на табла) го поткрепува кажаното/опишувањето на одредена карактеристика, една специфичност на одреденото растение или животно кое е прикажано на извлечената слика.

Карактеристиките се набројуваат една по една, и на тој начин се отстрануваат дел од понудените слики, сé додека по пат на елиминација не се дојде до конечниот, бараниот одговор.

На пр. пред учениците стојат слики од видра, желка, жаба. Одговорот е желка. Истиот го добиваме по пат на елиминација, со помош на серија асоцијативни прашања, односно констатации.
Бараното животно има четири нозе.
Баранато животно не плива.
Бараното животно има тврд оклоп.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ФАКТИ ЗА БРЕГАЛНИЦА И НЕЈЗИНИОТ РИПАРИСКИ ПОЈАС

1. Брегалница е втора река по големина во Република Северна Македонија.

2. Извира во Малешевските Планини.

3. Брегалница тече и минува низ 7 градови - Пехчево, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Виница, Кочани и Штип.

4. Брегалница има 12 притоки, и тоа 6 од левата страна и 6 од десната страна.

5. Десни притоки на Брегалница се: Желевица, Каменичка Река, Оризарска Река, Злетовица, Светониколска Река.

6. Леви притоки на Брегалница се: Ратевска Река, Осојница, Зрновска Река, Козјачка Река, Отиња, Лаковица.

7. Живеалиште е место населено со различен, но специфичен тип живи организми, каде тие ги наоѓаат неопходните услови за живот.

8. Растенијата што се развиваат покрај речниот брег се викаат крајречни растенија и ја сочинуваат крајречната или рипариската вегетација.

9. Карактеристични растенија за рипарискиот појас на Брегалница се белата топола, белата врба, кршливата врба, трепетликата, евлата...

10. Специфични животни за рипарискиот појас на Брегалница се македонското глувче, кртот, црвената лисица, видрата, дивата мачка.

11. Најчести птици за овој предел се торбестата сипка, рибарчето, златната саријазма, свиларчето, нубиското страче, модровраната, зелениот клукајдрвец.

12. Речното дно на Брегалница може да биде песокливо, каменесто (изградено од ситни и големи камења) или калливо. Тука живеат различни животни - риби (белвица, попадика, мренка, бојник, итн.), ракови, школки, црви и други организми.

13. Загадувањето на реките, па и на реката Брегалница, е честа појава во денешно време, која најчесто е предизвикана од различните активности на човекот.



***Повеќе информации за живиот свет по Брегалница можете да најдете во брошурите „Рипариски појас по Долна Брегалница“ и „Биолошка разновидност по долниот тек на реката Брегалница“.**

Оваа публикација е подготвена во рамките на Програмата за зачувување на природата во Република Северна Македонија - излезна фаза, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation - SDC), координиран од Фармахем - Скопје, како дел од активностите за унапредување на состојбата на природните вредности во брегалничкиот регион - ревитализација на рипариски екосистеми.

Македонското еколошко друштво (МЕД) е партнер на Програмата и е одговорно за спроведување на активностите што се однесуваат на обновувањето на крајречните шуми долж реката Брегалница, заради подобрување на нивните основни функции во заштита од ерозија и поплавување на околните површини, и секако збогатување и зацврстување на постоечката биолошка разновидност.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА